МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 18 став (3) од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.19/23), министерот за финансии донесе

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕТО НА ПРИОРИТЕТНОСТА НА ПРИЈАВИТЕ

## Член 1

Со ова упатство се уредува начинот на утврдувањето на приоритетноста на пријавите поднесени за вршење на финансиска инспекција.

## Член 2

Утврдувањето на приоритетноста на пријавата го врши финансискиот инспектор кому му е распоредена пријавата за работа, согласно Процедурата за вршење на финансиска инспекција.

## Член 3

Приоритетноста на пријавите од членот 1 на ова упатство се утврдува врз основа на:

- комплетноста на пријавата,
- висината на одобрениот буџет на субјектот на финансиската инспекција,
- износот на јавни средства предмет на пријавата и
- бројот на издадени прекршочни платни налози или поднесени барања за поведување прекршочна постапка за субјектот на финансиската инспекција.

## Член 4

Утврдувањето на приоритетноста на пријавата се врши со пополнување на Образец за утврдување приоритетност на пријава, кој е даден како Прилог 1 на ова упатство.

Утврдувањето на пририте тноста на пријавата се врши врз основа на елементите дефинирани во членовите 5, 6, 7, 8 и 9 од ова Упатство и бодовите утврдени за секој од дефинираните елементи наведени во Образецот од став 1 на овој член.

## Член 5

Комплетноста на пријавата се определува врз основа на:

- видот на подносителот, односно дали пријавата е поднесена од:
  - анонимен подносител,

- физичко лице,
- правно лице,
- Одделението за координација на борба против измами на ЕУ средства (АФКОС),
- вработен во субјект од јавниот сектор или
- раководител во субјект од јавниот сектор.

– содржината на наводите, односно дали пријавата содржи наводи за постоење основано сомнение за:
  - сторена неправилност или недостаток во врска со закон кој не е од директно надлежно постапување на финансиската инспекција, но може да се поврзе со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција, без наведен конкретен период на кој се однесува пријавата,
  - сторена неправилност или недостаток во врска со закон кој не е од директно надлежно постапување на финансиската инспекција, но може да се поврзе со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција, со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата,
  - сторено кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, без наведен конкретен период на кој се однесува пријавата,
  - сторено кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата,
  - сторена неправилност или недостаток во врска со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција без наведен конкретен период на кој се однесува пријавата,
  - сторена неправилност или недостаток во врска со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата и
  - сторен прекршок пропишан во закон од надлежно постапување на финансиската инспекција,

– застарување за прекршочно гонење, односно дали периодот од денот на прием на пријавата до денот на застарување на прекршочното гонење согласно Законот за прекршоците изнесува:
  - над 3 години,
  - над 1 година, до 3 години и
  - до 1 година,

– поткрепеност со докази, односно дали во прилог на пријавата:
  - не се доставени докази кои ги поткрепуваат наводите во пријавата,
  - се доставени докази кои делумно ги поткрепуваат наводите во пријавата или
  - се доставени докази кои во целост ги поткрепуваат наводите во пријавата.

## Член 6

Висината на одобрениот буџет се определува врз основа на износот на одобрени средства за расходи во буџетот за тековната година во која е поднесена пријавата, поделен на три нивоа:

- до 100.000.000,00 денари,
- од 100.000.001,00 денари до 500.000.000,00 денари и
- над 500.000.000,00 денари.

## Член 7

Износот на јавни средства предмет на пријавата како критериум за рангирање на пријавата се применува доколку во наводите на пријавата се наведени износи на јавни средства кои треба да се проверат при вршењето на финансиската инспекција, поделен на три нивоа:

- до 300.000,00 денари
- од 300.001,00 денари до 6.000.000,00 денари и
- над 6.000.000,00 денари.

## Член 8

Бројот на издадени прекршочни платни налози за субјектот на финансиската инспекција се определува врз основа на податоците од евиденцијата за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки, која се води согласно закон, за последните 5 години, вклучително и годината во која е примена пријавата и е поделен на три нивоа:

- од 0 до 2 издадени прекршочни платни налози,
- од 3 до 5 издадени прекршочни платни налози и
- над 5 издадени прекршочни платни налози.

## Член 9

Бројот на поднесени барања за поведување прекршочна постапка за субјектот на финансиската инспекција се определува врз основа на податоците од евиденцијата за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки, која се води согласно закон, за последните 5 години, вклучително и годината во која е примена пријавата и е поделен на три нивоа:

- од 0 до 2 поднесени барања за поведување прекршочна постапка,
- од 3 до 5 поднесени барања за поведување прекршочна постапка и
- над 5 поднесени барања за поведување прекршочна постапка.

**Член 10**

Со цел утврдување на приоритетноста на пријавата, вкупниот број на доделени бодови по одделните елементи за утврдување на приоритетноста на пријавата се дели со бројот на елементите за кои се доделени бодови при утврдувањето на приоритетноста на пријавите.

Пријавите се рангираат на следните нивоа на приоритетност за постапување:

- пријава со низок приоритет, доколку резултатот од ставот 1 на овој член изнесува од 1 до 1.75 бодови,
- пријава со среден приоритет, доколку резултатот од ставот 1 на овој член изнесува од 1.76 до 2.49 бодови или
- пријава со висок приоритет, доколку резултатот од ставот 1 на овој член изнесува од 2.50 до 3 бодови.

**Член 11**

По утврдувањето на приоритетноста на пријавите, истите се внесуваат во евиденцијата на пријави за постапување по утврдена приоритетност, која е дадена како Прилог 2 на ова Упатство.

Во евиденцијата од став 1 на овој член, зависно од утврдената приоритетност, пријавите се внесуваат во редовите означени за внесување пријави со висок приоритет, среден или низок приоритет, согласно редоследот на датумите за прием на пријавите.

Постапувањето на финансиската инспекција по пријавите се спроведува по редоследот на внесување во евиденцијата од ставот 1 на овој член, почнувајќи од првата пријава рангирана со висок приоритет надолу.

Пополнетиот Образец за утврдување на приоритетност на пријавата, потпишан од финансискиот инспектор, во хартиена форма се чува како дел од списите на предметот.

**Член 12**

Ова Упатство ќе започне да се применува од денот на неговото донесување.

Бр. 22-4179/1
15-06-2023 2023 година
Скопје

Министер за финансии,
dr. Fatmir Besimi, с.р.

Прилог 1

<table>
<tr><td colspan="5">Образец за утврдување приоритетност на пријава бр.__________ од ___.___.______ година</td></tr>
<tr><td>Р.бр.</td><td colspan="2">Елементи</td><td>Бодирање</td><td>Доделени бодови</td></tr>
<tr><td>1.</td><td colspan="4">Комплетност на пријавата</td></tr>
<tr><td rowspan="6">1.1.</td><td rowspan="6">Вид на подносител</td><td>Анонимен подносител</td><td>1</td><td></td></tr>
<tr><td>Физичко лице</td><td>2</td><td></td></tr>
<tr><td>Правно лице</td><td>2</td><td></td></tr>
<tr><td>Одделение за координација на борба против измами на ЕУ средства (АФКОС)</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td>Вработен во субјект од јавниот сектор</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td>Раководител во субјект од јавниот сектор</td><td>3</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">1.2.</td><td rowspan="3">Содржина на наводи</td><td>Наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност или недостаток во врска со закон кој не е од директно надлежно постапување на финансиската инспекција, но може да се поврзе со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција, без наведен конкретен период на кој се однесува пријавата.</td><td>1</td><td></td></tr>
<tr><td>Наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност или недостаток во врска со закон кој не е од директно надлежно постапување на финансиската инспекција, но може да се поврзе со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција, со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата.</td><td>2</td><td></td></tr>
<tr><td>Наводи за постоење основано сомнение за сторено кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, без наведен</td><td>2</td><td></td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | конкретен период на кој се однесува пријавата. | | |
| | | Наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност или недостаток во врска со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција без наведен конкретен период на кој се однесува пријавата. | 2 | |
| | | Наводи за постоење основано сомнение за сторено кривично дело во финансиското управување со јавните средства и со средствата на ЕУ фондовите, со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата. | 3 | |
| | | Наводи за постоење основано сомнение за сторена неправилност или недостаток во врска со закон од надлежно постапување на финансиската инспекција со наведен конкретен период на кој се однесува пријавата. | 3 | |
| | | Наводи за постоење основано сомнение за сторен прекршок пропишан во закон од надлежно постапување на финансиската инспекција. | 3 | |
| 1.3. | Застарување за прекршочно гонење | Над 3 години | 1 | |
| | | Над 1 година, до 3 години | 2 | |
| | | До 1 година | 3 | |
| 1.4. | Поткрепеност со докази | Не се доставени докази во прилог на пријавата кои ги поткрепуваат наводите во пријавата. | 1 | |
| | | Докази во прилог кои делумно ги поткрепуваат наводите во пријавата. | 2 | |
| | | Докази во прилог кои во целост ги поткрепуваат наводите во пријавата | 3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Висина на одобрен буџет | До 100.000.000,00 денари | 1 | |
| | | 100.000.001,00 - 500.000.000,00 денари | 2 | |
| | | Над 500.000.000,00 денари | 3 | |
| 3. | Износ на јавни средства предмет на пријавата | До 300.000.000,00 денари | 1 | |
| | | 300.000.001,00 - 6.000.000.000,00 денари | 2 | |
| | | Над 6.000.000.000,00 денари | 3 | |
| 4. | Број на издадени прекршочни платни налози за субјектот на финансиската инспекција | 0-2 | 1 | |
| | | 3-5 | 2 | |
| | | Над 5 | 3 | |
| 5. | Број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка за субјектот на финансиската инспекција | 0-2 | 1 | |
| | | 3-5 | 2 | |
| | | Над 5 | 3 | |
| Вкупен износ на доделени бодови: | | | | |
| Вкупен износ на доделени бодови/број на применети елементи: | | | | |
| Пријава со низок приоритет | | | 1 - 1.75 | |
| Пријава со среден приоритет | | | 1.76 - 2.49 | |
| Пријава со висок приоритет | | | 2.50 - 3 | |
| Име и презиме на инспектор: ______________________ | | | | |
| Потпис ______________ | | | | |

Прилог 2

| Евиденција на пријави за постапување по утврдена приоритетност | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.бр. во евиденција /година на прием | Датум на прием | Број на прием | Подносител | Краток опис | Субјект на финансиска инспекција |
| Пријави со висок приоритет | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Пријави со среден приоритет | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Пријави со низок приоритет | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |